Врз основа на член 44 став (14) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19) министерот за образование и наука утврди

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ПО ОДДЕЛНИ ПРЕДМЕТИ НА ОПШТИНСКО, РЕГИОНАЛНО И ДРЖАВНО НИВО ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдуваат начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделени предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование.

### Член 2

Натпреварите се организираат за да се вреднува знаењето, умеењето, вештините и способностите на учениците по одделен наставен предмет.

Содржината на натпреварите е соодветна на возраста на учениците и се темели на наставниот план и наставната програма за основното образование.

### Член 3

Натпреварите се организираат на: општинско, регионално и државно ниво.

Општинските, регионалните и државните натпревари ги организираат акредитирани здруженија на наставници (во натамошниот текст: здруженија на наставници) по одделен наставен предмет, сроден предмет или научна област на која припаѓа наставниот предмет.

## II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА НАТПРЕВАРИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

### Член 4

Цели на натпреварите се:

- вреднување на нивоата на стекнатите знаења, умеења и вештини на учениците;
- рангирање според постигањата на учениците;
- откривање на учениците кои се надарени или талентирани за одредена област;

- збогатување на наставниот процес со проширени и продлабочени содржини за учениците кои покажуваат интерес по одделни наставни предмети;

- подобрување на квалитетот на образованието;

- промовирање на постигањето на учениците и воспитно-образовната работа на основното училиште и

- поттикнување на натпреварувачкиот дух, тимската работа и развивање на толеранцијата кај учениците.

Член 5

Задачи на натпреварите се:

- преглед на работата на основното училиште;
- размена на искуствата и добрите практики меѓу наставниците;
- професионален развој на наставниците;
- промоција на учениците;
- проширување на заемната соработка на училиштата и нивна соработка со други институции;
- медиумска промоција на постигањата на воспитно-образовната работа и
- промовирање на општествената одговорност на компаниите како форма на поддршка на натпреварите.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРИТЕ

Член 6

За организирање на натпреварите здружението на наставници поднесува барање до Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) за акредитација и за организирање натпревари по објавен конкурс.

Конкурсот од ставот 1 на овој член се објавува од страна на Министерството во првото тромесечје од календарската година на интернет-страницата на Министерството.

При поднесување на барањето за акредитација, здруженијата на наставници ја доставуваат документацијата од член 44 став (7) од Законот за основното образование.

Здружението на наставници за организација на натпреварите се акредитира за период од три години.

За организација на натпреварите се акредитира само едно здружение на наставници или сојуз на здруженија по одделен наставен предмет.

Училиштето ги планира натпреварите во својата годишна програма.

Член 7

Здружението на наставници со правилник за организирање на натпреварите го уредува начинот на организацијата на поединечните задачи на сите нивоа и во сите етапи на натпреварите.

Член 8

На здруженијата на наставници им се одзема акредитацијата во следниве случаи:

- доколку не бидат испочитувани критериумите за организирање на натпреварите;
- доколку тестовите не се усогласени со наставната програма;
- доколку има недоследности во рангирањето на тестовите;
- поради непочитување на тајноста на тестовите;
- поради непочитување на дополнителните критериуми за прво место на натпревар на државно ниво.

## IV. ПОБЛИСКИ КРИТЕРИУМИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НАТПРЕВАРИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Член 9

Поблиски критериуми за организирање и изведување натпревари на учениците по одделни предмети се:

- акредитираните здруженија на наставници организираат натпревари само по наставните предмети за коишто се акредитирани;
- акредитираните здруженија на наставници за еден наставен предмет можат да организираат по еден натпревар по одделение и да доделат само една диплома за освоено прво место по одделение;
- акредитираните здруженија на наставници за еден наставен предмет во основното музичко образование може да организираат по еден натпревар по категорија и да доделат само една диплома за освоено прво место по категорија;
- на натпреварите можат да учествуваат сите редовни ученици од основните училишта;
- ученикот се натпреварува на јазикот на кој ја следи наставата, освен ако учествува на натпревар на македонски јазик;
- изборот на учениците за општински натпревар се врши исклучиво врз основа на постигнатите резултати на ученикот на училишниот натпревар;
- за секој следен натпревар (регионален, односно државен) учениците се определуваат врз основа на постигнатите резултати и ранг-листата од претходните нивоа на натпревари, а во согласност со пропозициите коишто ги пропишува здружението на наставници;

- рангирањето на постигањата на ученикот за одредено ниво на натпревари се врши врз основа на постигнатиот број бодови, за секој вид натпревар;

- доколку повеќе ученици постигнат ист број бодови за прво место на натпревар на државно ниво, здружението на наставници коешто го спроведува натпреварот претходно одредува дополнителни критериуми во својот правилник за организирање натпревари за освојување на првото место;

- домаќин на државниот натпревар е училиштето/образовната институција што ги одредило здружението на наставници, за што здружението го известува Министерството за образование и наука најдоцна седум дена пред почетокот на натпреварот;

- содржините за натпревар по одделен наставен предмет ги определува здружението на наставници согласно наставните програми;

- времетраењето на тестот и бројот на прашањата ги определува здружението на наставници коешто го спроведува натпреварот;

- набљудувачите кои го следат натпреварот ги определува здружението на наставници;

- комисиите за прегледување на тестовите се формираат од наставници кои не предаваат во одделението за кое се спроведува натпреварот;

- начинот на проверка на знаењата, умеењата, вештините и способностите, односно начинот за лично претставување и уметничка интерпретација го определува здружението на наставници коешто го спроведува натпреварот;

- незадоволниот учесник на натпреварот (ученикот или неговиот наставник-ментор) најдоцна во рок од 90 минути може да поднесе приговор до комисијата за одлучување по приговори;

- здружението на наставници пред натпреварот подготвува скала на бодовите потребни за освојување награди;

- за освоено прво, второ или трето место на државен натпревар по одделен наставен предмет ученикот добива диплома, наставникот-ментор пофалница, а за останатите учесници здружението може да издаде потврда за учество.

Член 10

За освоено прво место на натпревар на државно ниво во учебна година ученикот/групата ученици, односно наставникот-ментор со копија од дипломата/пофалницата доставува барање за исплата на парична награда до Министерството за образование и наука, согласно член 44 став (13) од Законот за основно образование.

Барањето од став 1 на овој член треба да ги содржи следниве податоци:

- име и презиме на ученикот/групата ученици, односно наставникот-ментор;
- адреса на живеење, контакт телефон и електронска пошта;
- матичен број;
- број на трансакциска сметка и име на банката депонент.

## V. ВРЕДНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ И НАГРАДИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

### Член 11

Начинот на вреднување на резултатите и рангирањето на учениците на натпреварите е во надлежност на комисијата, која во зависност од видот на натпреварот може да биде општинска, регионална или комисија за државни натпревари, формирана од здружението на наставници.

Комисијата за државниот натпревар се состои од најмалку тројца членови, односно најмалку двајца од здружението на наставници и еден претставник од Бирото за развој на образованието.

Резултатите од натпреварите се јавни и се објавуваат истиот ден во просториите каде што се одржуваат натпреварите.

Комисијата по објавувањето на резултатите, истиот ден ги разгледува приговорите и за тоа го известува подносителот на приговорот.

Конечната ранг-листа се составува откако ќе се решат приговорите и потоа резултатите се објавуваат на огласната табла на училиштето/образовната институција, односно просториите каде што се одржува натпреварот.

Здружението на наставници може да утврди и други видови награди за учесниците на натпреварот, како и награди од страна на донаторите и спонзорите.

Дипломите, пофалниците и потврдите за учество на натпреварите ги потпишува претседателот на здружението на наставници.

## VI. СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОДРЖАНИТЕ НАТПРЕВАРИ

### Член 12

Здружението на наставници по завршување на натпреварите, најдоцна во рок од 15 дена, до училиштето-учесник доставува извештај за резултатите од сите нивоа, а за државните натпревари и до Комисијата за акредитација на здруженија на наставници, Министерството и Бирото за развој на образованието.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи следните податоци:

- назив на натпреварот и име на здружението на наставници коешто го спроведува натпреварот;
- место и време на одржување на натпреварот;
- број на учесници, број на наградени ученици, нивни наставници-ментори (табеларен приказ: име и презиме на ученикот/групата ученици, име и презиме на наставникот-ментор, одделение/паралелка, освоено место, назив и место на училиштето во кое учи ученикот);
- име и презиме на членовите на комисијата согласно член 11 став 2 и став 4 од овој правилник;

- дополнителните критериуми од член 9 став 9 од овој правилник и

- анализа на натпреварот (предности, слабости, предизвици и можни начини за надминување на слабостите).

Резултатите од државниот натпревар се објавуваат на интернет-страницата на здружението на наставници.

Член 13

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование бр 19-2252/1 од 05.03.2013 година и бр. 20-2929/1 од 02.03.2017 година.

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од неговото донесување, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

**Бр. 18-6573/1**
**6.7.2020 година**
**Скопје**

**Министер за образование и наука**
**Dr. Arbër Ademi с.р**